MACEDONIAN

[DOH-7620]

# Упатства за земање примерок од плунката за туберкулоза (ТБ)
# Instructions for Collecting Sputum for Tuberculosis (TB)

Ви побараа да дадете три примероци од плунка (шлајм) од рано наутро. За да ви помогнеме во тоа, ви дадовме три теглички за собирање на плунката и пластична кеса. Тегличките се означени со вашето име и со броевите “1”, “2” и “3” за три дена со ред. ***Ве молиме, внимавајте некако да не ја допрете тегличката од внатрешната страна.***

**Внимание:** Многу е битно за овој тест да донесете плунка/шлајм искашлана од белите дробови. Не плуканица (течност од устата).

**Ако имате проблем во произведувањето плунка,** пуштете ја топлата вода од сите славини во бањата се додека просторијата се наполни со пареа. *(Внимавајте да не претече вода и да не се изгорите.)* Затворете ја вратата и седете во бањата со пареа околу пет до десет минути, а потоа обидете се повторно да искашлате плунка/шлајм. Или, пак, обидете се да се истуширате или да се избањате во када полна со топла вода пред да ја искашлате плунката. Длабокото дишење додека притискате цврсто на страните од вашиот граден кош, проследено со длабоко кашлање, исто така, може да помогне во искашлувањето на плунката.

**Упатство:**

1. Кога ќе се разбудите наутро и **пред, воопшто, нешто да јадете или пиете и пред да ги измиете забите**, искашлајте плунка во тегличката означена со “1”. (Проверете да не сте исплукале плунка само од устата.)

2. Напишете го датумот и времето кога сте го дале примерокот, на тегличката брпј “1”.

3. **ВЕ МОЛИМЕ ЗАТВОРЕТЕ ГО ЦВРСТО КАПАКОТ НА ТЕГЛИЧКАТА ЗА ДА НЕ ДОЈДЕ ДО ПРОКАПУВАЊЕ.**

4. Ставете ја тегличката во пластичната кеса што ја добивте.

5. Ставете ја пластичната кеса со тегличката со примерокот во фрижидерот, не во комората за длабоко замрзнување.

6. Повторете ги чекорите од 1 до 5 наредните утра користејќи ги тегличките (означени со “2” и “3”).

7. Предадете ги примероците на плунка во Клиниката за градни болести/ТБ или во одделот за патологија (таму каде што ви рекоа да ги предадете), **што е можно поскоро** откако ќе го соберете последниот примерок. Тегличките со плунка држете ги на студено и на темно (настрана од сончева светлина) се додека ги предадете во болницата.

**Забелешка:** Може да одземе 3 работни дена за да се добијат првите прелиминарни резултати, а 6–8 недели за да се добијат конечни резултати за културата. Медицинските сестри од клиниката ќе ве известат ако има некакви абнормалности.

***Ако имате прашања за собирањето на овие примероци, ве молиме да се јавите во клиниката на:***

**Ви благодариме**